

Војводата Симеон Савев - Нинев е роден на 15.01.1841 година во село Јагол Доленци (општина Осломеј), Кичевско Македонија - починал (не се знае која година) во градот Силистра, Бугарија.

**Во 1861 до 1870 година е на чело на ајдучка дружина и дејствувал во Кичевско, Гостиварско, Тетовско, Скопско, Велешко.**

***Портрет со војводата Симеон Савев - Нинев или познат како Дедо Симо родум од с. Јагол Доленци (општина Осломеј), Кичевско.***

Војводата Симеон Савев - Нинев, познат како војводата Дедо Симо е голем Македонски револуционер, Гарибалдиец, војвода на Врховниот Македонски Одрински Комитет, задграничен организатор на четите во Влашко (Романија).

Потекнува од богати родители и како дете бил пратен да учи во манастирот “Св. Богородица – Пречиста”

Се поголемите даночни притисоци и ограбувања на качачките банди и нивното насилно населување во македонските христијански села во северниот дел на Кичевско каде голема подршка имале од османлиските аги и бегови и нивниот аскер, довело да Симеон Савев Нинев замине како ајдутин на Добра Вода, Сува Гораи во пошироките планински предели на северо-западва Македонија.

**Во1861 до 1870 година е на чело на ајдучка дружина и дејствувал во Кичевско, Гостиварско, Тетовско Скопско, Велешко.**

Неговиот револуционерен и борбен дух за слобода на секој поробен народ го натерало во 1870 годинада пристапи како доброволец во одредите на Џузепе Гарибалди и учествува во Француско – Прускаta војна, назначен е за наредник и знаменосец на одред.

**За појавената храброст е награден два пати со француски ордени.**

Во 1872 година се населува во Калраш Влашко (Романија). Во 1902 година со чета од 35 души зема учество  во Горноџумајското востание заедно со војводата Тодор Саев од с. Белица- Пиринска Македонија.



[illegible]



**Влатко Билески**